Junior Achievement Macedonia
from North Macedonia
Member of JA Worldwide



Конкурс: Етичка Дилема

Учебна година 2024/2025

Етичка дилема 2025 - Финансирање на спортска училишна сала, од спортска обложувалница „КА”.

Менаџерот на една локална спортска обложувалница, дал предлог до Општината „Кирево” да ја финансира реконструкцијата на спортската сала во основното училиште „Кире Киревски”, со што би се овозможила настава за физичко образование и други активности за учениците. Истовремено би се креирала и можност за користење на салата од страна на клубови за тренинг и организирање на спортски натпревари. Со ова училиштето би можело да генерира дополнителен профит и би се промовирало во својата околина.

На овој начин би се решил проблемот со недостиг на место за одржување на часовите по физичка култура, старата запуштена спортска сала би била во целост возобновена и би се решил проблемот кој е присутен со години. Во случај на прифаќање на понудата, ни општината ниту родителите не би имале никакви материјални трошоци, бидејќи обложувалницата би ги обезбедила сите материјали и би ја финансирала градбата во целост.

Услов за возврат и благодарност за добиената помош, е да се постави рекламен банер со лого на обложувалницата на ѕидовите од салата, како и да се организира свечен настан за пуштање на спортската сала во употреба. На овој настан, менаџерот покрај градоначалникот, би имал посебно обраќање кон присутните гости, родители, ученици и дел од општинските службеници, кои би ја поддржале оваа активност, но и би дале признание за компанија која вложува во заедницата и е општествено одговорна.

Бидејќи, повторно и оваа година во општинскиот буџет не биле предвидени средства за финансирање на реконструкција на спортската сала во училиштето, градоначалникот побарал да се свика седница, на која општинскиот совет би одлучил дали ќе се прифати понудата од обложувалницата.

На општинската седница, бил поканет и **претставникот на обложувалницата**, да ја презентира понудата и даде одговор на евентуални прашања. Според него:

> Нашата обложувалница, чија активност е тесно поврзана со следење на спортски натпревари, својата мисија ја гледа во поттикнување на спортскиот дух кај идните генерации. Спортот ги мотивира младите да бидат активни, да креираат навики за грижа за сопственото здравје, создава тимови и ја промовира и негува тимска работа. Со ова се спречува гојазност и изолација на младите и се поттикнуваат да не бидат постојано поврзани на бројните социјални мрежи. Со финансирањето на реконструкцијата на спортската училишна сала, покажуваме дека имаме желба да вложуваме во обновата и одржувањето на спортските терени во училиштата. На ова сме поттикнати и од фактот дека веќе подолго време немаме слушнато некој од локалната заедница да го поддржи и промовира спортот кај младите и не знаеме дали има други фирми кои би дале ваков вид спонзорство за училиштата и учениците. Затоа се надеваме и очекуваме дека наставниците и родителите, како и локалната заедница, ќе видат колку е потребна ваквата поддршка. За да ја докажеме нашата општествена одговорност, дел од следните чекори на обложувалницата, би била поддршка и на здравствените установи во градот.
>
> Во продолжение на седницата, во дискусијата се приклучил **член на советот на Општината,** кој се согласил дека отсуството на спортска сала за одржување часови по физичко образование, неминовно води до бројни последици за учениците. Не се создаваат здрави навики кај младите, не се поттикнува дружењето и бројни социјални активности. Учениците често се изложени на штетни влијанија кои водат до пасивна или отворена агресивност на училиште, болести, оштетувања на 'рбетниот столб, намалени можности за дружење низ спорт и изолираност на учениците. Се согласил дека советот на Општината треба сериозно да размисли во насока на прифаќање на ваквата понуда од обложувалницата, заради големите придобивки на учениците.
>
> Потоа, **друг член** дополнил: Во моментов во општинскиот буџет има многу малку средства. Како што расте невработеноста и сиромаштијата, општинските средства се пренасочуваат кон програмите, кои советот на општината ги смета за приоритет. Затоа, тие не се доволни за задоволување на потребите на училиштата и спортските сали, дури и за тековно одржување, а за нови инвестиции не може да стане ни збор.
>
> **Трет член на советот** се спротивставил: Прифаќањето на оваа понуда врз основа на наведените причини, ми личи на скриена маркетинг стратегија и создавање привид во реалноста дека ова значи вложувањето во заедницата. Вклучувањето на обложувалниците во животот на училиштето, па понатаму нудење и помош на здравствените установи, под превезот на добротворни акции, ми личи на краткорочно и несоодветно решение на проблемите. Според мене, рекламирањето на спортски обложувалници во училиште, би значела отворена поддршка и одобрување за вклучување на децата вакви активности, односно обложување. Од друга страна, иако обложувалниците тврдат дека кај нив е ограничен пристапот за малолетници, убеден сум дека постојат начини тоа лесно да се заобиколи. Преку ова, кај младите ќе се

креира и илузија дека финансиските проблеми можат да се решат лесно, т.е. дека коцкарска среќа може да креира удобен живот. Младите треба да учат и да сфатат дека само со труд и вложување во образованието се постигнуваат цели во животот, а не со „лесно стекнати пари“. Дополнително, тука е и ризикот од неконтролирано создавање долгови и зависност од коцкање, што во никој случај не е помалку штетно и опасно од други типови зависност.

Претставникот на обложувалницата негодувал дека не се согласува со оваа проценка, бидејќи слични активности веќе има во главниот град Скопје и низ светот. Покрај тоа и славни личности и спортисти, веќе биле дел од кампањи на обложувалници.

Третиот член одговорил: Фактот дека славните спортисти или популарни личности со своето име и репутација промовираат една несомнено проблематична активност, како што е обложувањето, е повторно дел од истата „наивна“ маркетинг стратегија на обложувалниците. Нивната промоција не го прави обложувањето помалку штетно.

Претставникот на обложувалницата одговорил дека: Не се оспорува постоењето на тие ризици, но посетата на казино или обложувалница е прашање на слободен избор на возрасните, а секако не вклучува малолетници. Постои забрана за нивен пристап и објектот е оддалечен од образовните институции.

Се вклучил и **четврт член** на советот, кој смета дека прифаќањето на изјавата од менаџерот дека оние што не сакаат не мора да одат во обложувалница, дека тоа е слободен избор, е само привидна состојба. Не може да се игнорираат фактите во моментов, а тоа е дека има голема посетеност на обложувалници, што е поврзано со развој на зависност, а чие лекување ретко е успешно, долготрајно и неизвесно. Веќе се пријавени случаи во средното училиште во кое учи нејзината ќерка, на ученици кои се подложени на психијатриско лекување, поради проблеми со обложување. Учениците во основните училишта се уште не се доволно зрели за да ги сфатат опасностите. Одобрување на спонзорството на обложувалницата од општината и администрацијата, би можело да се втисне во нивната свест, како нешто позитивно и да ги однесе чекор понатаму.

Првиот член повторно се вклучил и дополнил: Треба да бидеме прагматични и да се фокусираме, бидејќи оваа дискусија на моменти отиде предалеку. Клучната причина за прифаќање на понудата, е што општината нема средства за реконструкција на спортската сала**.** *Ако оваа шанса се пропушти, нема да има друга.* Треба да се размисли што е навистина важно, а тоа се придобивките на учениците, родителите и училиштето. Сега родителите се принудени да плаќаат членство во спортски клубови за нивните деца, да ги носат во различни делови на градот. Тоа се секојдневни непотребни трошоци, кои би ги немале со новата спортска сала. Реновирањето на објектот би овозможило и заживување на училишниот живот, редовни часови по физичко образование, создавање спортски секции и дружење на учениците на безбедно место. А училиштето би можело да има свој профит од изнајмување на салата на локални спортски клубови, би можеле да се одржуваат и бројни други воннаставни и дополнителни активности. Придобивките се многубројни.

По завршување на дискусијата, Претседавачот на советот, накратко ја сумирал дискусијата и ги поканил членовите да гласаат за предлогот.

- Доколку сте член на тој совет, како би сте се изјасниле: **за или против?**
- Доколку вие бевте поканети на овој состанок, дали имате ваше размислување, кое можеби е различно или не беше изнесено од присутните на состанокот?
- Наведете ги причините кои ве водат кон таквата одлука.
- Кој е **мотивот на раководството на обложувалницата**, нејзино промовирање и реклама на бизнисот или грижа за благосостојбата на младите во заедницата?
- Дали тој мотив е важен во оваа дилема? Објаснете, според вас, кои се **намерите** на обложувалницата?
- Дали треба да бидете прагматични и да размислите за **придобивките**, како што предлага еден од членовите или да ја имате на ум поширокатa слика и **ризиците**[1] од доближување на обложувалниците до училиштата, како што предочи другиот член?
- Дали на дилемата треба да се гледа од аспект на **придобивките за поддршка младите да спортуваат и бидат активни**, односно дали сметате дека ова е начинот да се промовира спортот и физичките активности?
- Како вие би ја решиле оваа **етичка дилема**?

За тие што сакаат да знаат повеќе за етички теории:

Трите највлијателни етички теории се:

- **Утилитаризам**, според кој етички е исправно дејството што носи најголема корист за најголем број луѓе, што значи дека е оправдано со целта или исходот;

- **Кантовата теорија**, според која исправноста на постапката зависи од мотивите на актерите и бара да бидеме водени со умот, а тоа значи дека ја прифаќаме таа постапка што би сакале да стане универзална форма на однесување (без оглед на очекуваната лична или општа корист или штета предизвикана од конкретно решение на проблемите);

- **Етика на доблест**, која вели дека правилното дејствување е она што е во согласност со една од доблестите (храброст, правда, емпатија, великодушност, одговорност, пожртвуваност за другите...)

[1] За ризиците и последиците од обложувањето, можете да дознаете преку пребарување на интернет.